Наставна содржина:

# Интервју

**Според Дигиталниот речник на македонскиот јазик (http://www.makedonski.info/) зборот интервју се објаснува вака:**

## интервју

*мн. интервјуа*

Вид збор: *Именка, среден род*

Ранг: 2272

**1. Разговор, наменет за јавноста, што го води новинар со некоја позната личност.**

*Англиски:* interview *Албански:* intervistë

Примери: *Изјавите и интервјуата на крунскиот сведок се пренесуваат како ексклузива од највисок ранг.*

*Направи интервју.*

*Даде интервју.*

*Во интервјуто за државната новинска агенција тој го објаснува новиот закон.*

**2. Во психологијата - метод при кој со помош на разговор се добиваат податоци за испитаникот.**

*Англиски:* interview *Албански:* intervistë

Употреба: Медицина

**3. Разговор за кандидат при вработување.**

*Англиски:* interview *Албански:* intervistë

Употреба: Економија

Слично со: разговор (м.)

Ние ќе го разгледаме првото значење на зборот интервју кое е дадено во Дигиталниот речник на македонскиот јазик:

Интервјуто е разговор кој се води со некоја позната личност и целта е да се даде одговор на повеќе прашања.

Преку одговорите на прашањата кои се поставуваат во интервјуто се информира јавноста,читателите или слушателите,

па на таков начин се формира определено мислење.

Трите главни особини на интервјуто се: **избор на темите, личностите и прашањата.**

- Јазикот кој се користи при интервјуто треба да биде јасен, разбирлив како за помладата, така и за постарата читателска публика.

# Задача бр.1

- Прочитај го интервјуто на стр. 125 и 126 од учебникот! Размисли!
- Со каква цел авторот го направил интервјуто?
- На каков начин се поставени прашањата!
- Анализирај го јазикот со кој се служи авторот.

## Задача бр.2

- Направи замислено интервју со некоја позната личност што би сакал да ја интервјуираш!

ООУ„Гоце Делчев“ – Центар

април 2020